РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 0801-252
15.11 2019 год.

**Врз основа на програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на Локалниот економски развој во 2019 година Општина Свети Николе распишува**

**„Јавен повик за избор на идејното решение за препознатлив сувенир на Општина Свети Николе – 2019“**

## I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

1. Предмет на јавниот повик е избор на идејното решение за препознатлив сувенир на Општина Свети Николе - 2019
2. Предлогот за идејното решение на сувенирот треба да биде одраз на традицијата и културно – историското наследство и да ги изразува автентичните природни и туристички вредности и атрактивности на Општина Свети Николе со опис на изворот на идејното решение.
3. Истиот ќе треба да биде претставен визуелно (компјутерски) или скица на хартија, со посебен опис на: дизајнот, начинот на изработката, димензиите, опис на бојата и материјалот од кој ќе се произведува, како и можноста за изработка и од други материјали и проектирана пазарна цена за истиот изразена во нето вредност во денари.
4. Предлогот треба да бидат со техничка издржаност и можност за реализација/изработка на прототип, како и треба да преставува производ кој ќе биде прилагоден за масовно производство (да може да се изработуваат поголем број на идентичнни производи од истиот).

## II. УСЛОВИ НА КОНКУРИРАЊЕ

5. Повикот е општ и јавен, **право на пријавување** имаат сите правни лица регистрирани во Централен регистар како и сите физички лица – државјани на РМ. На конкурсот **не може да учествуваат** лицата вработени во Општина Свети Николе, ОУ Народен Музеј Свети Николе, како и Советниците на Општина Свети Николе и членовите на Комисијата за избор, како и членовите на нивните потесни семејства.
6. Предлозите на идејното решение за препознатлив сувенир на Општина Свети Николе треба да се достават во **два затворени коверти** на адреса:
   **Општина Свети Николе, ул.Плоштад Илинден бр.12, 2220 Свети Николе**
   **Со Назнака: За јавен повик -** Предлог за идејно решение на сувенир
   на следниот начин:
   - **првиот затворен коверт** со назнака „**Предлог на идејно решение на сувенир** – не отварајте“ на која е означена **шифра на авторот** (по сопствен избор, но не смее да содржи делови од име или презиме или надимак на физичкото лице или име на правното лице, како и нумерички податоци со којшто се означува негови лични податоци: роденден, ЕМБГ, број на адреса и сл.), се доставува предлог идејното решение за сувенир на ЦД доколку е визуелен приказ или скица на хартија, анонимно – односно под шифра (без име и ознака на авторот).

- во **вториот затворен коверт**, приложена заедно со првата и означена со **иста шифра**, се доставуваат податоци за авторот (име, презиме, назив – за правни лица, адреса, како и контакт телефон), со назнака „ **Податоци за авторот** – не отварај". Вториот затворен коверт треба да биде прикачен за првиот коверт.

7. За избор на квалитетно идејно решение за сувенирот на Општина Свети Николе може да се натпреваруваат само предлозите во кои авторите ги имаат доставено сите потребни елементи:

   а) име на сувенирот - спакувано во првиот ковертот со назнака „**Предлог на идејно решение на сувенир** – не отварајте";
   b) идејно решение на ЦД или скица на хартија - спакувано во ковертот со назнака „**Предлог на идејно решение на сувенир**– не отварајте"; заедно со опис на изворот и образложение на дадената идеја;
   c) опис на предлог идејното решение каде ќе биде наведен описот на дизајнот, начинот на изработката, димензиите, опис на бојата и материјалот од кој ќе се произведува, како и можноста за изработка и од други материјали и проектирана пазарна цена за истиот изразена во нето вредност во денари - спакувано во ковертот со назнака „**Предлог на идејно решение на сувенир** – не отварајте";
   d) име, презиме, назив – за правни лица, адреса, како и контакт телефон на авторот на идејното решение за сувенирот – спакувано во ковертот со назнака „ **Податоци за авторот** – не отварај";
   e) Писмена изјава дека приложеното решение е оригинално дело на авторот потпишана од самиот автор - спакувано во ковертот со назнака „ **Податоци за авторот** – не отварај";
   f) Извод на тековна состојба од Централен регистар – само за правните лица во ковертот со назнака „ **Податоци за авторот** – не отварај"

8. Секој автор може да се натпреварува во најмногу три (3) идеи за сувенир на општина Свети Николе. Во тој случај секоја идеја мора да биде засебно испратена согласно начинот утврден во точка II Услови за конкурирање дел 7 од овој конкурс.

## III.КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО И ОЦЕНУВАЊЕ

а) Идејните предлози за сувенири кои ќе бидат земени во предвид треба да бидат со културно – историски, традиционални или современи предлози на подрачјето на општина Свети Николе
б) Идејните предлози кои го обележуваат природното и географско опкружување на општина Свети Николе
c) Различност на идејните предлози според темата, материјалот и големината.
d) Можна поврзаност на различни идејните предлози во целина.
e) Идејните предлози може да бидат со изворен или со стилизиран облик.
f) Идејните предлози може да биде функционална и/или со декоративна

намена.

g) Секој идеен предлог мора да ги задоволува критериумите на естетика, комплетност, квалитет и складност.

h) Секој идеен предлог, во името, треба да содржи кратко образложение за истото и нацрт на пакување на истото.

i) Предлогот за идејното решение на сувенирот на Општина Свети Николе треба да преставува производ кој ќе биде прилагоден за масовно производство(да може да се изработуваат поголем број на идентичнни производи од истиот), со намена за туристичка промоција на Општина Свети Николе, како и да задоволува уметнички и производни стандарди.

9. Предлогот за идејното решение на сувенирот може да бидат за сувенир во следниве форми:
   - <u>Традиционален сувенир</u>:рачна изработка, украси и предмети коишто може да имаат своја функционална или декоративна намена, вез, ткаени предмети, предмети коишто може да се облекуваат и носат, накит и сл.
   - <u>Урбан сувенир</u>: разгледница, рамки за фотографии, привезоци, магнети, беџови, печати, гравури, орнаменти, маркери за книги, подметачи за чаши, украсни кутии, нотеси, разни фигури, гастроносмки прибори, орнаменти и др.
   - <u>Други украсни и предмети коишто имаат своја намена</u>: шољи, шишиња, реплики на градски археолошки зданија, или реплика на автентични историски или природни зданија на Општина Свети Николе
   - Останати предмети или изработки кој ја вклучуваат новата технологија – мултимедија.

10. Комисијата при изборот ќе ги вреднува/оценува следниве критериуми:
   - Квалитет на вкупниот концепт
   - Препозналивост
   - Врска со традицијата и културното наследство
   - Оригиналност и иновативност
   - Техничка изводливост и можност за сериско производство
   - Практичност и можна примена/употреба во секојдневието
   - Економска пристапност на производот

## <u>IV. КОМИСИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПРЕДЛОГ РЕШЕНИЈАТА</u>

11. Пристигнатите идејни предлози за сувенир ќе ги оценува Комисија за утврување и избор на идејното решение за препознатлив сувенир на Општина Свети Николе – 2019. Истата ќе биде формирана од страна на Градоначалник на Општина Свети Николе кој ќе предложи пет надворешни члена - стручни и компетентни лица одобласта на уметноста, етнологијата, дизајнот, архитектурата, туризмот и сл. области. Доколку квалитетот на идејните решенија е задоволителен, Комисијата ќе ги разгледа и ќе донесе одлука за

избор на идејното решение за препознатлив сувенир на Општина Свети Николе – 2019.

12. Доколку Комисијата оцени дека ниту еден од доставените предлози не ги задоволува поставените критериуми, го задржува правото да не избере ниту едно од понудените решенија. Предлог идејните решенија за сувенирите кои нема да бидат избрани, Комисијата истите ќе ги врати на авторите, после направениот избор, а избраното идејно решение за сувенир ќе се користи во идни промотивни активности на Општина Свети Николе, по неговата изработка.

13. Предвидена е можност со авторот на наградeното идејно решение, да доколку истиот може и да го произведува идејното решение коешто ќе биде наградено, да се склучи договор за изработка на истиот но не поголем од 500 € во денарска противредност. За производство/изработка на наградeното идејното решение за сувенир би се склучил посебен договор со Општина Свети Николе.

## V. НАГРАДИ

14. По разгледување на доставените идејни решенија, од страна на Комисијата се одбира еден предлог за идејното решение за препознатлив сувенир на Општина Свети Николе – 2019.
15. На избраното најуспешното идејно решение му се доделува парична награда во износ на 30.000 денари (*со вклучен данок на добивка), којашто ќе биде исплатена од Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на Локалниот економски развој во 2019 година и ова идејно решенија се здобива со право по неговото производство/изработка да носи "маркица – Сувенир на Општина Свети Николе".
16. Со извршување на исплатата авторските права преоѓаат на страната на Општина Свети Николе и ќе се регулираат со посебен договор.

## VI. РОКОВИ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИДЕЈНИ РЕШЕНИЈА И ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА КОНЕЧНА ОДЛУКА

17. Јавниот повик е отворен од 15.11.2019 заклучно со 15.12.2019 година.
18. Идејните решенија се доставуваат по пошта, по брза пошта или лично до Архива на Општина Свети Николе на дадената адреса во Точка II дел 6.
19. Идејните решенија коишто ќе бидат доставени после наведениот рок, како и идејните решенија коишто нема да бидат доставени во формата и начинот согласно условите утврдени под точка во точка II Услови за конкурирање дел 7 од овој конкурс, нема да бидат оценувани од страна на Комисијата.
20. Со пријавувањето на Јавниот конкурст учениците неотповикливо ги прифаќаат сите услови наведени во самиот Јавен конкурс.
21. Одлуката од Комисијата за најуспешно идејно решение за сувенир ќе ја донесе најкасно до 25.12.2019 година.

22. Сите дополнителни информации може да ги добиете по писмен пат на емаил: info@svetinikole.gov.mk или на телефон 032 444 169.
23. Резултатите по завршување на постапката ќе бидат објавени во „Службен гласник на Општина Свети Николе“, локалните медиуми, како и на Веб страната на Општина Свети Николе www.svetinikole.gov.mk

**VII. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

- Со самото испраќање на идејно решение, учесниците односно подносителите на идејното решение неотповикливо прифаќаат и се согласуваат нивните податоци да бидат предмет на обработка за потребите на Јавниот повик
- Доколку биде исплатена награда, а во натамошна постапка се утврди дека идејното решение е плагијат или авторството биде оспорено со правосилна пресуда, Комисијата го задржва правото да ја поништи Одлуката за награда, а наградениот лице е должно да ги врати паричните средства од наградата во целост
- Авторските права на учесникот чие идејно решение за сувенир ќе биде избрано од страна на Комисијата како препознатлив сувенир на општина Свети Николе се префрлаат на Општина Свети Николе а под условите кој ќе бидат регулирани под посебен договор

Со Почит,

**Градоначалник на**
**Општина Свети Николе**

**М-р. Сашо Велковски**